РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 23-2971/1
30-10-2019 год.
СТРУМИЦА

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 39 од Статутот на Општина Струмица, (Сл.гласник на Општина Струмица бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19) Градоначалникот на Општина Струмица, објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За избор на консултант за изработка на Локална Стратегија на Општина Струмица за заштита од ХИВ-сида за период од 2019 -2024**

Општина Струмица распишува јавен повик за избор на консултант за изработка на Локална Стратегија на Општина Струмица за заштита од ХИВ – сида за периодот од 2019-2024 година.
Изработката на Стратегијата за заштита од ХИВ - сида ќе се реализира во партнерска соработка помеѓу Општина Струмица и избраниот консултант.
За таа цел во Програмата за активностите на општина Струмица во областа на Локалниот економски развој и туризам за 2019 година, активност бр.8 Финансиска поддршка на локална стратегија за превенција и заштита од ХИВ – сида , во буџетот на Општина Струмица за 2019 година има планирано 100.000,00 денари кои се ставаат на располагање како општинско учество.

**<u>Опис на задачата</u>**

За време на реализација за изработка на Локалната Стратегија на Општина Струмица за заштита од ХИВ - сида консултантот со работниот тим има за задача да ги води сите процеси при изработка на Стратегија за за заштита од ХИВ - сида, изработка на драфт верзија на стратегијата, водење на јавна дебата за стартегијата и подготовка на финалната верзија на самата стратегија. Консултантот треба да биде достапен во сите фази на подготовка, испорака на обуки и ирабоотка на стратешкиот документ.

**<u>Очекувани резултати</u>**

1.Мапирање на засегнати страни- формирање на работен тим
2.Прва целодневна работна сесија за мапирање на проблеми
3.Втора целодневна работна сесија за формулирање на мисија, визија, цели, стратешки приоритети
4.Трета целодневна работна сесија за изработка на Акциски план
5.Подготовка на драфт верзија на стратегијата
7.Јавна дебата за предлог-стратегијата
8.Подготовка на финална верзија од документот
9.Промотивен настан

**<u>Право на учество</u>**

Повикот е отворен за сите заинтересирани кандидати (поединци и консултантски фирми) заклучно со 05.11.2019 година.

**Потребно образование и работни компетенции на консултантот**

- **Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат кандидатите кои учествуваат на овој повик се:**

- Кандидатот кој се јавува на Јавниот повик да има завршено факултет од областа на здравството, социјална политика или постдипломски студии од истите

- Да фасцилитирал/а изработка на локална стратегија за ХИВ/СИДА во Република Северна Македонија

- Искуство во изработка на национални стратегии за ХИВ/СИДА ќе се смета за предност.

-Искуство во изработка на национални или локални стратегии за прашања поврзани со ХИВ/СИДА – стратегии за дроги, сексуално и репродуктивно здравје и слично ќе се смета за предност.

**Времетраење на изработка на Стратегијата за заштита од ХИВ – сида**

Имплементација на Стратегијата за заштита од ХИВ – сида започнува веднаш по изборот на консултантот и е превидено до крајот на декември да се заврши со стратешкиот документ.

Сите настани ќе се одвиват во Струмица.

Јавниот повик важи седум дена од денот на објава на повикот .

**Потребна документација:**

- Примерок од локална стратегија за ХИВ/СИДА чија изработка е фасилитирана од кандидатот/кандидатка
- Примерок од изработени други локални или национални стратегии за прашања поврзани со ХИВ/СИДА во чија изработка учествувал кандидатот
- Копија од решение или друг документ со кое се докажува учество во работната група за изработка на национални или локални стратегии поврзани со ХИВ или прашања сродни со ХИВ
- Кратка биографија – CV на македонски јазик

**Критериуми за избор:**

- Квалификации и вештини: 30 поени;
- Општо професионално искуство: 30 поени;
- Специфично професионално искуство: 40 поени.
- Изборот на консултант согласно наведените критериуми ќе се врши од страна на **Комисија за избор на консултант за изработка на Стратегија за заштита од ХИВ – сида на Општина Струмица за период 2019-2024 година**, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Струмица.

Лицата кои ќе се пријават, сите потребни документи ќе треба да ги стават во затворено плико со ознака да не се отвара и да се назначи повикот за кој аплицираат. Пликото да се достави на следна адреса:

**Општина Струмица**
**Одделение за ЛЕР**
**Адреса: ул. „Благој Јанков Мучето“ бр.37, поранешен Дом на АРМ,**
**2400 Струмица**

За да бидат прифатени пријавите мора целокупната документација да се достави исклучиво по препорачана пошта или лично, во запечатен плик на кој е назначено дека е за јавниот повик, во работни денови (понеделник до петок), помеѓу 08:00 и 16:00 часот, во рок од **7(седум) дена од денот на објавување на Јавниот повик.**
**Крајниот рок за поднесување на апликациите е седум (7)дена, вклучително и денот на објавување на јавниот повик. 05.11.2019(понеделник) до 16:00 часот.**

- **На предната страна на пликото Во горниот лев агол да стои: „Не отварај", а во долниот десен агол да стои: Адресата на донаторот и под истата назнаката „ За јавен повик за избор на консултант за изработка на Локална Стратегија на Општина Струмица за заштита од ХИВ – сида за периодот од 2019-2024 година."**.

**Напомена!**
**Пристигнатите непотполни документации по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Документите кои ќе пристигнат по крајниот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е пред официјалниот краен рок. Примената документација не се враќа!**
**Дополнителни прашања може да се поставуваат исклучиво на официјален мал на определеното лице за контакт**

**Лице за контакт:**
**Тони Милушев**
**Раководител на Одделение за ЛЕР/Општина Струмица**
**mail: toni.milusev@strumica.gov.mk**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Коста Јаневски**